WATERVILL | Interreg Euro-MED | Co-funded by the European Union

SEPTEMBER 2026

VOL 2

„Иновативни решенија за подобрување на водоснабдувањето во руралните средини и справување со недостигот на вода во рурални и планински подрачја.“

БИЛТЕН

WATERVILL

Interreg Euro-MED | Co-funded by the European Union

WATERVILL

https://watervill.interreg-euro-med.eu/

WATERVILL е проект финансиран во рамките на Програмата Interreg Euro-MED, кој се справува со недостигот на вода во руралните и планинските подрачја на Медитеранот преку модернизирање на локалната инфраструктура за водоснабдување и подобрување на управувањето со водните ресурси.



WATERVILL се справува со еден од најголемите предизвици со кои се соочува светот: недостигот на вода.

Пристапот до вода е човеково право и затоа претставува суштински аспект на предизвиците поврзани со водата, особено во услови кога климатските промени сè повеќе влијаат врз достапноста на вода и имаат различно влијание врз различни региони во светот.

Токму затоа, водата претставува една од главните теми што се провлекуваат низ Агендата на ОН за одржлив развој до 2030 година, кон чија реализација WATERVILL придонесува преку Програмата Interreg Euro-MED.

Според ОН, водата е „одличен поврзувач“ („суперконектор“), кој ги поврзува здравјето, чистата енергија и отпорноста на климатските промени, како и безбедноста на храната и, како што беше претходно споменато, човековите права.

Оттука, одржливото управување со водите е од суштинско значење за поттикнување на економскиот раст и создавање на отпорни заедници. Тоа подразбира пристапи што одговараат на локалните потреби, носење на одлуки засновано на релевантни информации и адаптивна инфраструктура на водоснабдување.

Токму овие предизвици се во фокусот на проектот WATERVILL. Поаѓајќи од четири рурални и планински општини на Балканот, кои се соочуваат со различни предизвици во областа на водоснабдувањето, проектот развива решенија приспособени на нивните локални услови, истовремено настојувајќи тие решенија да бидат релевантни и применливи и во други општини низ целиот Медитеран.

Во овој билтен дознајте повеќе за напредокот на проектот во изминатите месеци.

СОДРЖИНА:

1. Од податоци до активности: проценка на руралните системи за водоснабдување 3
2. Од анализа до терен 4-5
3. WATERVILL на дело 6
4. Управниот одбор на проектот во Валенсија 7
5. Што следува? 8

Од податоци до активности: проценка на руралните системите за водоснабдување

Предизвиците со кои се соочуваат пилот-општините во рамките на WATERVILL ја нагласуваат потребата од одржливи решенија за управување со водите, приспособени на специфичните услови на секоја територија. Токму затоа, проектот започнува со создавање јасна слика за постојните системи за водоснабдување и идентификување на главните проблеми на кои треба да се одговори.

Во периодот од март до август, WATERVILL изврши **проценка на системите за водоснабдување во своите четири пилот-општини**: **Жабљак, Битола, Илирска Бистрица и Теслић**. Проценувањето беше спроведено преку **детални општински прашалници** и прибирање податоци за различни аспекти како што се **локацијата на изворите на вода, тарифите за вода и трошоците за водоснабдување**, **како и начинот на управување, вклучувајќи ја сопственоста и одговорностите за одржување.**

На овој начин, **конзорциумот ги идентификуваше клучните аспекти на системите за водоснабдување во руралните средини, вклучувајќи ги водните ресурси, инфраструктурата, обезбедувањето услуги, загубите на вода, финансиската одржливост, отпорноста на климатските промени, дигитализацијата и локалното управување.**

Проценката резултираше **со изработка на Извештај за тековната состојбата на системите за водоснабдување со вода за пиење во руралните и планинските подрачја опфатени со WATERVILL**, во кој се издвоени **неколку клучни наоди** што ќе бидат особено **значајни за понатамошното спроведување на проектот**.

Еден од главните заклучоци е **дека, иако четирите пилот-територии имаат различни локални услови и појдовни точки, тие се соочуваат со неколку заеднички предизвици, меѓу кои високи загуби на вода, застарена инфраструктура и ограничени можности за мониторинг.** Истовремено, утврдени се разлики во однос **на степенот на дигитална подготвеност, моделите на управување и достапноста на податоците.**

Прочитај целосен извештај

Од анализа до терен

Проценката беше дополнително поткрепена со теренски посети на пилот-општините опфатени со проектот, при што партнерите имаа можност директно да ја согледаат состојбата на локалната инфраструктура на водоснабдување и подобро да ги разберат локалните услови и предизвици.

Од 20 до 23 јули, партнерите ги спроведоа првите теренски посети во рамките на проектот, започнувајќи со технички состанок во Загреб, по кој следуваа посети на две од четирите пилот-општини: Илирска Бистрица во Словенија и Теслић во Босна и Херцеговина, Република Српска.

Целта на посетите беше да се добие подобар увид на локалните услови, директно на терен да се разгледаат системите за водоснабдување и да се оствари размена со локалните претставници и стручните лица од комуналните претпријатија за водоснабдување.

Во **Теслић**, посетите беа фокусирани на проблемите со недостиг на вода во текот на летниот период со најголема побарувачка, дотраената водоводната мрежа и квалитетот на водата за пиење, особено во оддалечените места.

Во **Илирска Бистрица**, партнерите ги разгледаа предизвиците поврзани со загубите на вода поради истекувања и дотраената дистрибутивна мрежа, како и потребата од подобрување на снабдувањето со вода за пиење во оддалеченото село Фабци.

Со комбинирање на постојните податоци и прашалниците со непосредните согледувања на терен и разговорите со локалните засегнати страни, посетите овозможија подобро да се согледаат условите во кои функционираат локалните системи за водоснабдување.

Од анализа до терен

Овие сознанија ќе придонесат кон следната фаза од проектот WATERVILL, која меѓу другото ќе опфати и изработката на **база на решенија приспособени на различни локални услови**, со што ќе се обезбеди развиените решенија да одговараат на реалните потреби на терен, наместо да се применува пристапот „едно решение за сите“.

Погледнете го видеото подолу за да дознаете повеќе за теренските посети и да ги **слушнете претставниците на локалните претпријатија за водоснабдување и претставниците на проектот** како зборуваат за главните предизвици со кои се соочуваат и за нивните очекувања во однос на резултатите од проектот.

Можете да прочитате повеќе за теренските посети и овде

WATERVILL на дело

Како дел од напорите за зголемување на видливоста на својата работа и поврзување со поширокатa медитеранска заедница, WATERVILL учествуваше на неколку настани посветени на одржливо управување со водите, иновациите и климатската отпорност.

Во мај, WATERVILL учествуваше на **собирот на Мисијата за иновативна одржлива економија (ISE) на програмата Interreg Euro-MED**, на кој се собраа проекти од целиот Медитеран. Конзорциумот го претстави проектот WATERVILL пред учесниците и придонесе во дискусијата за креирање и одржување на водни заедници.

WATERVILL учествуваше и на **работилница посветена на одржливо управување со водите, организирана во Болоња од страна на Конференцијата на периферните поморски региони (CPMR)**. Конзорциумот придонесе во дискусиите, споделувајќи искуства за актуелните предизвици поврзани со водите низ Медитеранот и разгледувајќи можни решенија.



Дознајте повеќе за активностите на проектот и неговата промоција на нашата веб-страница и на каналите на социјалните медиуми.

Средба во Валенсија

Состанок на Управниот комитет,
септември 2026 година

На 17 и 18 септември, конзорциумот на WATERVILL се собра во Валенсија, Шпанија, на вториот состанок на Управниот комитет. Домаќин на состанокот беше партнерот на проектот, Институтот за водно и еколошко инженерство (IIAMA) при Политехничкиот универзитет во Валенсија (UPV).

Бидејќи проектот навлегува во клучна фаза, партнерите разговараа за досегашниот напредок и за претстојната изработка на важни проектни резултати, меѓу кои се **дигиталната база на решенија, решенијата за водоснабдување отпорни на климатските промени, Системот за поддршка при одлучувањето, препораките за политики за управување со системите за водоснабдување и активностите за јакнење на капацитетите**.

Пилот-општините, исто така, ги споделија своите потреби и гледишта во врска со подобрувањето на локалните системи за водоснабдување и нивното управување.

По состанокот беше организирана посета на **Пречистителната станица за вода за пиење „Реалон“**, во близина на Валенсија. Посетата им овозможи на партнерите да се запознаат со значајна инфраструктура за водоснабдување што ги опслужува Валенсија и нејзината метрополитенска област, како и да добијат инспирација за понатамошната работа.

Прочитајте повеќе тука

Што следува?

WATERVILL продолжува со спроведу-вањето на проектот, претворајќи ги наодите од проценката и теренските посети во практични решенија за пилот-општините.

Во наредните месеци, партнерите ќе работат на развој на дигиталната база на решенија, Системот за поддршка при одлучувањето и пристапи за управување со водите отпорни на климатските промени. Решенијата ќе бидат приспособени на потребите на четирите пилот-општини и осмислени така што ќе можат да се применуваат и во други региони.

Теренските посети на Жабљак и Битола ќе претставуваат уште еден важен чекор кон завршување на фазата на проценка и подготовка за тестирање на решенијата во пилот-подрачјата.

Доколку сте заинтересирани за одржливо управување со водите и сакате да бидете во тек со активностите на WATERVILL, следете нè на нашите канали на социјалните медиуми.

Доколку имате прашања или коментари, со задоволство ќе ве слушнеме!

https://watervill.interreg-euro-med.eu/

https://www.facebook.com/watervill.project

https://www.linkedin.com/company/watervill-project

https://watervill.interreg-euro-med.eu/contact-us/

Interreg Euro-MED

Co-funded by the European Union

WATERVILL